

**КАТЕРИНА БОШЕВСКА**
финансов директор
на EOS Matrix

## ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ВО СОВРЕМЕНИОТ ДЕЛОВЕН СВЕТ

# КЛУЧНА АЛАТКА ЗА ДОБРО ОДЛУЧУВАЊЕ

Современиот деловен свет не може да се замисли без создавање и размена на финансиски извештаи. Тие претставуваат многу корисна алатка за прикажување на економската реалност на работењето на деловните субјекти до врвниот менаџмент и другите нивни корисници. Прашањето пред кое стои секој корисник на финансиските извештаи е **колку оваа алатка навистина може да биде корисна во процесот на донесување одлуки**?

Одговорот на ова прашање треба да се гледа како една целина од меѓусебно зависни и последователни фази.

Првата фаза се однесува на процесот на создавање на финансиските извештаи. Во процесот на создавање на финансиските извештаи, финансиската евиденција на сите податоци и трансакции има клучна улога и влијание. Деловните субјекти треба да обрнуваат големо внимание на организирање и поставување на високостручни, современо ориентирани и посветени финансиски работници во своите редови. Треба да им стават на располагање софистицирани и специјално дизајнирани софтверски решенија за обработка на податоци кои треба да бидат во корелација со локалните законски прописи и меѓународните сметководствени стандарди или, пак, со стандардите поставени од групацијата кон која евентуално припаѓа деловниот субјект.

Втората фаза се однесува на процесот на применливост и/или интерпретација на податоците содржани во финансиските извештаи. Во процесот на применливост на финансиските извештаи се изразуваат економските позиции на деловниот субјект. Станува збор за важни и корисни информации особено за врвниот менаџмент на кои треба да се базираат одлуките за иднината на деловниот субјект. Преку финансиските извештаи се отсликува успешноста во работењето на деловниот субјект, неговата профитабилност, стабилност и перспектива. Исто така се интрепретираат податоци кои се точно измерени, проверени и ги содржат потребните атрибути кои се неопходни за да можат да бидат корисни извештаите. Најчестите атрибути кои треба да ги поседуваат финансиските извештаи се: квалитативно проверени, релевантни, навремени, верифицирани и веродостојни, но, најважно од сè, непристрасни финансиски информации ослободени од секакви предрасуди. Од аспект на врвниот менаџмент податоците со тие атрибути претставуваат главна подлога за изведување заклучоци за три временски димензии на деловниот субјект: минатото, сегашноста и иднината.

Со цел да се избегне ризикот од неквалитетни податоци во финансиските извештаи, а консеквентно на тоа и веродостојноста на интерпретацијата на тие податоци, деловните субјекти треба да постават една меѓуфаза во процесот на донесување одлуки, а тоа е финансиската контрола и анализа.

Со правилно функционирање на оваа меѓуфаза, крајните корисници на финансиските извештаи ќе бидат уверени во нивната веродостојност и сите свои одлуки ќе ги засноваат токму на резултатите од интерпретацијата на истите. За да функционира правилно, треба да се разбере концептот на подготвување на финансиските извештаи, нивната форма и содржина. Потребно е правилно да се оценат избраните сметководствени методи, политики и целокупниот финансиски процес и систем на финансиско известување. Оваа меѓуфаза мора да потврди дека во процесот на создавање на финансиските извештаи се запазува концептот на континуитет во непредвидено траење за деловниот субјект. Ова од причина што единствено податоците содржани во извештаи кои го запазуваат овој концепт можат да бидат корисни и применливи. Потребно е да се разбере концептуалната рамка на финансиските извештаи, затоа што таа ги дава потребните карактеристични финансиски информации кои помагаат во процесот на донесување одлуки (ирелевантно дали тоа се однесува за одлука за инвестирање или други економски одлуки).

Финансиските извештаи покриваат временска рамка низ која ги поврзуваат податоците со цел да создадат визија кај врвниот менаџмент за тоа која е позицијата на деловниот субјект денес и утре. Токму преку ова се изразува и суштинската карактеристика која оваа алатка со себе ја носи правејќи ја квалитетна подлога за донесување одлуки. Тоа е конзистентноста и споредливоста. Гледајќи во финансиските извештаи од аспект на врвен менаџмент, треба да се види применетата политика за ликвидност, финансиската сила на деловниот субјект и да се извлече заклучок за начинот на финансирање на

> Финансиските извештаи покриваат временска рамка низ која ги поврзуваат податоците со цел да создадат визија кај врвниот менаџмент за тоа која е позицијата на деловниот субјект денес и утре. Токму преку ова се изразува и суштинската карактеристика која ја носи со себе оваа алатка, правејќ и ја квалитетна подлога за донесување одлуки. Тоа е конзистентноста и споредливоста

активностите; следствено на ова, да се утврди степенот на задолженост на деловниот субјект; структурата на капиталот и, најважно од сè, степенот на успешност во работењето - остварениот финансиски резултат. Доколку сите тие податоци се анализираат во една временска рамка, може да се извлечат трендови на движења на одредени клучни финансиски варијабили од работењето, кои ќе ги прикажат идните случувања на финансиски план кај деловниот субјект. Доколку финансискиот план го ставиме во констелација на оперативните активности, поконкретно може да се предвидат и нивните идни движења. На тој начин, финансиските извештаи во голема мера помагаат во процесот на идните планирања за деловниот субјект или процесот на буџетирање. Овој посебен процес е комплексен во својата природа и бара егзактни и конкретни пресметки како подлога за идните планирани случувања.

Искуството покажува дека големите корпорации кои имаат свои претставништва низ светот сите свои одлуки ги темелат на консолидираните финансиски извештаи од кои ги црпат потребните информации за донесување на своите деловни одлуки. Праксата на создавање на овие извештаи оди дотаму што се стандардизира начинот на обработка на финансиските податоци, користејќи иста номенклатура (сметковни планови), се трансформираат податоците од секоја поединечна подружница во една иста форма на извештаи, па потоа се обработуваат и консолидираат. Најголема и најважна улога имаат одделенијата за интерна контрола и квалитет, кои покрај редовните финансиски ревизии (кои вообичано се од екстерни ревизорски куќи), спроведуваат интерни ревизии на системите и процедурите, сè со цел да се осигураат дека секој од нив ги користи најдобрите практики за деловно работење кои се на располагање на пазарот. На тој начин се придонесува кон висококвалитетни информации содржани во секој финансиски извештај. Откако ќе се обезбедат здрави политики, процеси и системи, одделенијата за финансиска контрола ги обработуваат податоците од секој финансиски извештај и ја проценуваат нивната оправданост или ги бараат нелогичностите кои можат да произлезат од неправилната финансиска евиденција. Резултатот од нивната работа се извештаите со анализираните финансиски показатели и консолдираните финансиски извештаи. Со таква поставеност на една навидум тешка и трома структура на подготовка, контрола и анализа на финансиските извештаи, само се обезбедува сигурноста на врвниот менаџмент дека засновајќи ја својата одлука на финансиските извештаи за деловниот субјект ја донесува вистинската одлука за неговата иднина.

**Повик за учество**

Универзитетот Американ колеџ Скопје ја организира
Шестата годишна меѓународна конференција за европски интеграции

**ИЗГРАДБАТА НА ЕВРОПА КАКО ГЛОБАЛНА СИЛА: ОД ПАЗАР ДО ИДЕНТИТЕТ?**
Скопје, 19 мај 2011

Оваа интер- и мулти-дисциплинарна конференција има за цел да ја истражи идејата за Европската Унија како глобална сила. Досега, единствениот пазар и усогласениот правен систем, кои дозволуваат слободно движење на стоки, луѓе, услуги и капитал, се сметаа за клучни достигнувања на европските интеграции. Основната претпоставка на конференцијата е дека Европската Унија треба да оди чекор понатаму - кон изградба на чувство на споделени вредности и политички идентитет - доколку сака да ја оддржи глобалната важност. Сепак, каков треба да биде тој идентитет? Како академска институција сакаме да го нагласиме и истражиме придонесот што може да го даде науката кон катализирање на соодветен одговор на овој предизвик.

По традиција, еминентни научници и високи функционери од земјата и од странство се поканети да се обратат на конференцијата, а се очекува учество да земат и стотина домашни и странски академски и деловни професионалци - носители на одлуки во водечки области и меѓународни институции.

Работен јазик на конференцијата е англискиот. Научни истражувачи и професиналци од која било област можат да пријават свој реферат на споменатата тема, доставувајќи апстракт од 300 зборови, напишан на англиски јазик, кој ќе содржи: име на авторот, име на институцијата од која доаѓа, електронска адреса, наслов на рефератот, текст на апстрактот и клучни зборови, заедно со кратка биографија (до 100 зборови).

Апстрактите се доставуваат по електронска пошта на адреса: **conference@uacs.edu.mk**
Сите поднесени реферати ќе бидат анонимно рецензирани, а избор од најдобрите реферати ќе биде објавен во посебна ИСБН е-публикација на англиски јазик и/или како печатена книга.

**Крајниот рок за поднесување апстракти е 18 јануари 2011.**

За повеќе детали, посетете ја страницата: http://www.uacs.edu.mk/conference

University American College Skopje

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

Оваа конференција е организирана во соработка со Фондацијата „Фридрих Еберт" во Македонија.

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**
3та Македонска бригада бб, Скопје
Телефон: +389 2 2463156
info@uacs.edu.mk | www.uacs.edu.mk